Parliament of Victoria

# Дали сте на возраст од 60 години и постари?
## Или познавате некој на таа возраст?

Парламентот на Викторија спроведува испитување за поддршката на постарите Викторијци во заедници на лица од различно културно потекло и би сакал да го слушне вашето мислење.

Ве поттикнуваме да ги споделите вашите идеи и искуство за тоа што би помогнало да живеете среќно, вклучително:

- Кои се некои од секојдневните предизвици за вас и вашите родители/баба и дедо?
- Дали се чувствувате безбедни во заедницата?
- Дали знаете каде да најдете поддршка?
- Како можат да се подобрат услугите?
- Дали имате пристап до компјутер и дали знаете како да го користите?
- Што правите за да бидете социјално, физички и ментално активни?

Можете да ги доставите вашите идеи на јазикот што го претпочитате. Можете да изберете:

- да напишете писмо или имејл
- да ја пополните нашата анкета, или
- да снимите видео.

Предлозите што ќе ги доставите ќе им дадат препораки на Владата на Викторија како подобро да им се даде поддршка на постарите Викторијци од различно културно потекло.

Предлози може да се поднесат до 31 јануари 2022.

## Дознајте повеќе

За повеќе информации, отидете на parliament.vic.gov.au/oldervictorians

Ако имате било какви прашања, ве молиме контактирајте не со имејл на oldervictoriansinquiry@parliament.vic.gov.au или телефонирајте ни на (03) 8682 2843.

Сите предлози се третираат како јавни документи, меѓутоа можете да побарате да се чуваат во доверливост. Вашите лични податоци нема да се објавуваат или споделуваат со други државни агенции.

